Врз основа на член 22 став точка 5 и 6, а в.в. со член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа член 22 од Законот за спорт и член 23, 35, 49 и 54 од Закон за здруженија и фондации, Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 23.03.2023 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
**за утврдување на критеримуите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Прилеп за спортски клубови, професионални спортски клубови и здруженија и фондации**

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Прилеп за спортски клубови, професионални спортски клубови и здруженија и фондации.

Целта на Општина Прилеп е во рамките на своите законски надлежности и можности да обезбеди развој, стимулирање и презентација на вредностите и достигнувањата во областа на спортот и културниот и опшествениот живот.

## ПРИМАТЕЛИ НА СРЕДСТВА

Член 2

Буџетските средства се наменети за поддршка на :
-професионален спорт-професионални акционерски друштва регистрирани на подрачјето на Општина Прилеп
-општински сојуз на училишен спорт
-училишни спортски клубови
-спортски клубови и здруженија од областа на спорт
-Сојуз на спортови-манифестации, турнири и проекти од областа на спортот во интерес на Општина Прилеп,
- за здруженија и фондации

Член 3

Висината на финансиските средства од членот 1 се одредуваат од Буџетот на Општина Прилеп и Програмите за работа, за секоја година посебно.

**НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА**

Член 4

Распределбата на финансиските средства за спортски клубови, професионални спортски клубови и здруженија и фондации се врши врз основа на ЈАВЕН ПОВИК објавен од страна на Градоначалникот на општината на веб страната на општината и во службен гласник на Општина Прилеп во тековната година.

Член 5

Јавниот повик за спортски клубови, професионални спортски клубови содржи:

Формулар за аплицирање(кој може да се подигне од Веб страната на Општина Прилеп);

Задолжителна документација потребна за аплицирање на спортските клубови:

- Тековна состојба од клубот;
- Решение за вршење дејност спорт согласно Законот за спорт;
- Доказ дека се обезбедени соодветни објекти, опрема и стучен кадар;
- Потврда од соодветната спортска федерација во која категорија апликантот учествува (супер лига, прва лига, втора лига, трета лига, општинска лига, младинска лига, кадетска лига, пионери) и времетраењето на учеството на клубот во соодветната федерација;
- Потврда од клубот дали наплаќа/ не наплаќа членарина;
- Годишна програма за работа и финкционирањето на спортскиот клуб, односно здружението;
- Постигнати резултати, успеси;
- Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/ проект (број на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции);
- Извешај за потрошените средства добиени од Општина Прилеп за претходната година;
- Информација за начинот на кој се финансирале во изминатите три години(генерален спонзор, повеќе спонози, финансирање по пат на наплатување на тренажен процес);
- Информација каде и во кои спортски сали и/или спортски терени го извршуваат тренажниот и натпреварувачкиот процес за изминатите три години;
- Прилози, фотографии, награди.

Јавниот повик за Здруженијата и фондации содржи:

Член 6

Формулар за аплицирање(кој може да се подигне од веб страната на Општина Прилеп);

Задолжителна документација потребна за аплицирање на здруженијата и фондациите:

- Тековна состојба од здруженијата и фондациите
- Решение за упис во Централен регистар согласно Законот за здруженија и фондации;
- Годишна програма за работа и функционирање на здружението и фондацијата;
- Предлог- проект со кој ќе се развива културниот и опшествениот живот Општина Прилеп;
- Извешај за потрошените средства добиени од Општина Прилеп за претходната година;
- Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/проект (број на ангажирани лица, опис на останати трошоците по позиции).

Член 7

Распределбата на финансиските средства од Буџетот на Општина Прилеп на спорски клубови, професионални спортски клубови и здруженија и фондации ќе ја врши Комисијата за финансирање и буџет при Совет на Општина Прилеп.

Комисијата претходно спроведува анализа на поднесените апликации по која што ќе ги селектира и рангира врз основа на критериуми за оценување.

Врз основа на расположливите финансиски средства Комисијата за финансирање и буџет ја утврдува вредноста на бодот.

По спроведената анализа Комисијата изработува записник со прилог бодовна листа согласно усвоените бодови.

Записникот со прилог бодовна листа се доставува до Советот на Општина Прилеп, кој по усвојувањето го доставува до Градоначалникот.

Градоначалникот врз основа на усвоениот записник, склучува поединечни договори со корисниците на финанската помош.

**СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ**

Член 8

Комисијата за финансирање и буџет при одлучувањето доделува бодови за секој критериум одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на поени за сите критериуми.

Критериумите за оценување се дадени во следните табели:

Оценување:

колективни спортови (кошарка, ракомет, одбојка и фудбал) –4 критериуми

| **1.Ранг на натпреварување** | поени |
|---|---|
| Учество во меѓународни лиги и натпревари | 20 |
| Прва лига/Супер лига | 15 |
| Втора лига | 10 |

| | |
|---|---|
| Младинска лига | 5 |

| **2.Младинска школа** | поени |
|---|---|
| Комплет школа со сите категории | 30 |
| Школа со две категории | 15 |
| Школа со само една категорија | 10 |

| **3.Финансиски импликации(трошоци) за спорски сали и терени за претходната година** | поени |
|---|---|
| Над 100.000,00 денари | 35 |
| од 50.000,00 до 100.000,00 денари | 20 |
| од 25.000,00 до 50.000,00 денари | 10 |
| до 25.000,00 денари | 5 |

| **4.Членарина** | поени |
|---|---|
| Клубот не наплаќа членарина | 15 |
| Клубот наплаќа членрина | 0 |

Индивидуални спортови ( боречки спортови, пинг-понг, тенис, атлетика, гимнастика, велосипедизам и др.) 4 критериуми

| **1. Ранг на натпреварување** | поени |
|---|---|
| Учество во меѓународни лиги и натпревари | 25 |
| Прва лига/Супер лига | 20 |
| Втора лига | 15 |
| Младинска лига | 10 |

| **2.Младинска школа** | поени |
|---|---|
| Комплет школа со сите категории | 25 |
| Школа со  две категории | 10 |
| Школа со само една категорија | 5 |

| **3.Финансиски импликации(трошоци) за спорски сали и терени за претходната година** | поени |
|---|---|
| над 50.000,00 денари | 35 |
| од 25.000,00 до 50.000,00 денари | 20 |
| до 25.000,00 денари | 10 |

| **4.Членарина** | поени |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Клубот не наплаќа членарина | 15 |
| Клубот наплаќа членрина | 0 |

Распределбата на финансиските средства од Буџетот на Општина Прилеп на здруженија и фондации ќе ја врши Комисијата за финансирање и Буџет.

Комисијата претходно спроведува анализа на поднесените апликации по која што ќе ги селектира согласно дадените критериуми.

Врз основа на расположливите финансиски средства Комисијата за финансирање и буџет ја утврдува вредноста на бодот.

По спроведената анализа Комисијата изработува записник со прилог бодовна листа согласно усвоените бодови.

Записникот со прилог бодовна листа се доставува до Советот на Општина Прилеп, кој по усвојувањето го доставува до Градоначалникот.

Градоначалникот врз основа на усвоениот записник, склучува поединечни договори со корисниците на финанската помош.

Член 9

Комисијата за финансирање и буџет при одлучувањето доделува бодови за секој критериум одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на поени за сите критериуми.

| КРИТЕРИУМИ | ПОЕНИ |
|---|---|
| 1.Значење на програмите, проектите и активностите за општината и нејзиниот развој | 5/10/15 |
| 2.Можност за афирмација на општината на локално, државно и меѓународно ниво | 5/10/15 |
| 3.Висина на обезбедени средства од донатори или други извори<br>0 – 300.000ден 300.000ден – 600.000ден над 600.000ден | 5/10/15 |
| 4.Број на успешно реализирани проекти во биографијата на апликантот<br>А. 0 – 5 Б. 5 – 10 В. Над 10 | 5/10/15 |
| 5.Број на вклучени учесници во предлог проектот<br>А. 1 – 5 Б. 5 – 10 В. Над 10 | 5/10/15 |
| 6. Континуитет | 1 - 15 |
| 7.Иновативност | 1 – 15 |

**СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

Член 10

Градоначалникот на Општина Прилеп, ќе склучи Договор за регулирање на меѓусебните права и обрски на општината со спортските клубови, професионалните спортски клубови, здруженијата и фондациите корисници на финансиските средства.

Член 11

Договорот за финансиска поддршка за спортски клубови, професионални спортски клубови и здруженија и фондации ги содржи следените елементи:

-страни на договорот,

-предмет на договорот

-обврски на договорните страни

-рокот на важност на договорот

-причини за раскинување на договорот.

**КОНТРОЛА НА НАМЕНСКОТО ТРОШЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА**

Член 12

Спортските клубови, професионалните спортски клубови и здруженијата и фондации се должни да доставуваат годишни финансиски извештаи за потрошените средства добиени од Општина Прилеп.

Годишниот извештај се доставува најдоцна до 25ти декември тековната година и истиот содржи податоци за начинот, намените и периодот на трошење на средствата, ефектите од користењето на средствата остварените резултати, а во прилог се доставува детален приказ на потрошените средства (поткрепен со документација: платени фактури, исплатни листови, изводи од банка, фискални сметки, резервации во хотел, билети за транспорт и сл.).

Член 13

По поднесените финансиски извештаи, Комисијата за финансирање и Буџет, врши разгледување на истите и ја утврдува:

- Навременоста на доставување на извештајот
- Целовитноста на извештајот
- Наменско/ненаменско трошење на средствата
- Моменталниот статус на наменската сметка, односно дали истата е блокирана

Комисијата доставува извештај за својата работа до Градоначалникот, во кој се утврдува кои апликации на корисниците ќе бидат земени во предвид за доделување/недоделување на средства со следниот оглас.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 14

Со донесување на овој правилник престанува да важи Правилник бр.07-572/4 од 27.02.2009 година во делот за здруженија и фондации и Правилник бр.09-531/22 од 07.02.2019 година.

Член 15

Овој правилник влегува во сила од денот на донесување, а истиот ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Прилеп''.

бр.09-1169/2
23.03.2023 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Дејан Продоноски